# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период Јануари - Март 2019 година

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Март 2019 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2019 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Март 2019 година изнесуваат 2.138.908 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 13%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2018 година бележат пораст од 14%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Март 2019 година изнесуваат 2.888.836 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 15%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2018 година бележат пораст од 15%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Март 2019 година изнесуваат 1.873.090 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 13%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Март 2019 година изнесуваат 2.561.643 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 14%.

**Дивиденда**

На 8 април 2019 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2018 година во износ од 458.033 илјади денари односно 320 денари бруто за една акција. Нето дивиденда за 2018 година изнесува 272 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Март 2019 година изнесуваат 193.866 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.03.2019 година изнесуваат 584.103 илјади денари.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Март 2019 година во Алкалоид се реализирани 55 нови вработувања во Република Северна Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Март 2019 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **19/18** |
| Домашен пазар | 675.898 | 32 | 692.183 | 38 | 98 |
| Странски пазар | 1.425.175 | 68 | 1.153.447 | 62 | 124 |
| **Вкупно:** | **2.101.073** | **100** | **1.845.630** | **100** | **114** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **19/18** |
| **Домашен пазар** | **904.202** | **32** | **884.823** | **36** | **102** |
| Југоисточна Европа | 886.090 | 31 | 833.560 | 34 | 106 |
| Русија и други земји во ЗНД | 297.175 | 10 | 187.364 | 8 | 159 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 684.579 | 24 | 494.462 | 20 | 138 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 61.430 | 2 | 57.793 | 2 | 106 |
| **Вкупно странски пазари** | **1.929.274** | **68** | **1.573.179** | **64** | **123** |
| **Вкупно:** | **2.833.476** | **100** | **2.458.002** | **100** | **115** |

Од вкупните консолидирани продажби, 68% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: Велика Британија раст од 380%, Грузија раст од 105%, Полска раст од 72%, Унгарија раст од 63%, Русија раст од 58%, Украина раст од 57%, Бугарија раст од 49%, Германија раст од 42%, Ерменија раст од 36%, Словенија раст од 22%, Романија раст од 19%, САД раст од 14% итн. Повисокиот раст на продажбите во првиот квартал од 2019 година делумно се должи на задолжителната серијализација на производи за пазарите од ЕУ која започна на 09.02.2019 година.

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **19/18** |
| Антибиотици | 547.818 | 19 | 419.731 | 17 | 131 |
| ОТЦ препарати | 559.295 | 20 | 479.261 | 19 | 117 |
| Кардиолошки препарати | 476.740 | 17 | 398.862 | 16 | 120 |
| Невролошки препарати | 372.645 | 13 | 321.993 | 13 | 116 |
| Останати линии | 260.648 | 9 | 236.050 | 10 | 110 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **2.217.146** | **78** | **1.855.897** | **76** | **119** |
| Трговска стока | 255.462 | 9 | 215.522 | 9 | 119 |
| Услуги и останати приходи | 10.271 | 0 | 13.074 | 1 | 79 |
| **Вкупно Фармација** | **2.482.879** | **88** | **2.084.493** | **85** | **119** |
| **Вкупно Хемија** | **67.814** | **2** | **68.723** | **3** | **99** |
| **Вкупно Козметика** | **189.814** | **7** | **208.301** | **8** | **91** |
| **Вкупно Билкарство** | **92.969** | **3** | **96.485** | **4** | **96** |
| **Вкупно:** | **2.833.476** | **100** | **2.458.002** | **100** | **115** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

**(Во 000 Ден)**

| | **2019** | | **2018** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **19/18** |
| Единечна ЕБИТДА | 422.771 | 20 | 365.029 | 20 | 116 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 490.981 | 17 | 414.008 | 17 | 119 |

**Нето добивка**

**(Во 000 Ден)**

| | **2019** | | **2018** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **19/18** |
| Единечна Нето добивка | 247.476 | 12 | 215.295 | 12 | 115 |
| Консолидирана Нето добивка | 294.542 | 10 | 246.801 | 10 | 119 |

Остварената единечна Нето добивка во 2019 година изнесува 247.476 илјади денари и во споредба со остварената во 2018 година бележи зголемување за 15%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2019 година изнесува 294.542 илјади денари и во споредба со остварената во 2018 година бележи зголемување за 19%.